Врз основ на чл.25 ст.1 ал.2 од Статутот на РСМ донесен на ден 20.02.2011г. (бр.0903-27 од 30.03.2011г.), Извршниот одбор на РСМ на својата 3-та седница одржана во Штип на ден 26.02.2017 год., подготви:

## П Р Е Д Л О Г К О Д Е К С
## НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РАДИОАМАТЕРСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

Со ПРЕДЛОГ до Собранието на РСМ за негово усвојување и донесување, со следната содржина:

## Р А Д И О А М А Т Е Р С К И С О Ј У З Н А М А К Е Д О Н И Ј А

## К О Д Е К С

## НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РАДИОАМАТЕРСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Со овој Кодекс се утврдуваат: нормите, принципите и начините на однесување на членовите на Радиоаматерскиот сојуз на Македонија, според радиоаматерскиот дух (Ham-Spirit) и тоа при нивните активности, работење и дејствување, кои одредби се задолжителни за сите членови на Сојузот и кои се должни да се придржуваат кон истите и да ги почитуваат.

### Член 2

(1) Норми, принципи и начини на однесување на членовите на Сојузот се:
- Радиоаматерството е рекреативна активност.
- Радиоаматер е лице со позитивен карактер, услужлив и внимателен кон другите.
- Радиоаматерот е добронамерен и неговите дејствија треба да ги поврзуваат луѓето.
- Радиоаматерот при својата работа се претставува себе и ја претставува својата земја на домашно и на меѓународно поле и секогаш треба да биде свесен за тоа.
- Радиоаматерот претставува пример за лице кое е љубител на техниката и техничките работи.
- Радиоаматерот го одржува својот радио уред технички исправен и безбеден.
- Радиоаматерот е патриот чии вештини и чиј радио уред, секогаш треба да ги стави во функција за доброто на сите во општеството.
- Радио-операторската дејност ја обавува фер, правилно, долично и уредно.
- Радиоаматерот во радио-сообраќајот никогаш нема да емитува радио сигнал во етерот, на начин на кој ќе ги попречува другите учесници.
- Радиоаматерот треба да помага на другите, но не теба да биде наметлив и досаден.
- Ако неговиот кореспондент побара поспора телеграфска или телефониска врска, подготвен е да одговори на тоа барање.
- Радиоаматерот добронамерно им помага на други радиоаматери со пречки во телесниот развој и во телесните функции.
- Радиоаматерот секогаш зборува јасно и разбирливо, освен во ситуации кога постојат оправдани причини, кога истиот неможе тоа успешно да го прави.
- Радиоаматерот своето радиоаматерско искуство го споделува со другите радиоаматери.
- Радиоаматерот секогаш е пријателски настроен за двање совети, собено на почетници во радиоаматерството.
- Радиоаматерот остварува врски со своето општество заради информирање и популаризирање на радиоаматерската активност.
- Радиоаматерот никогаш нема да ги запостави своите обврски кон семејството, работата или кон својот образовен процес.
- Радиоаматерот никогаш нема да биде лош пример во општеството.
- Радиоаматерот ги почитува законите и правилата кои се пропишани за радио-сообраќајот и внимава тоа да го прават и другите учесници.
- Радиоаматерот со своето искуство подготвен е да помогне на секое лице кое се нашло во невоља, особено ако може да помогне со пренесување на соодветна информација преку радиоаматерска врска.

Член 3

(2) Овој Кодекс влегува во правна сила со денот на неговото донесување, а отпочнува да се применува од 8-от ден од денот на неговото влегување во правна сила.
(3) Овој Кодекс задолжително се објавува на интернет веб страницата на Сојузот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО
Миле Кокотов / Z33T

______________________

Во Штип,
на 26.02.2017г.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР
Миле Кокотов / Z33T

____________________